# Заштита на правото на сопственост

судија Антоанета Димовска

Основен суд Скопје 2

# Сопственичка тужба за поврат на стварта(rei vindicatio)

Тужбата се поднесува против држателот на индивидуално определената ствар.

# Што треба да докаже сопственикот?

Дека има право на сопственост врз стварата чиј поврат го бара.

Дека стварта се наоѓа во фактичка власт на тужениот.

Правото на поднесување на оваа тужба не застарува.

# Со што ќе се легитимира тужителот дека е сопственик?

Со имотен лист.

Ќе докажува дека се стекнал со правото на сопственост врз основа на закон.

Со доставување на доказ дека се стекнал со сопственост врз основа на правна работа.

Со решение за наследување

Со одлука на надлежен орган врз со која се стекнал со право на сопственост.

Со пресуда.

# Што може да биде спорно во текот на постапувањето?

Дали тужителот е сопственик на стварта.

Како ќе се постапува во ситуација кога тужителот докажува дека се стекнал со правото на сопственост врз основа на закон?

# Кои се правата на совесниот држател

Не е должен да плати надоместок за користење на ствара и не одговара за влошување и пропаст на стварта за време на неговото совесно држење.

Може да бара надоместок за корисните трошоци во мерка во која е зголемена вредноста на ствартa...(член 157 од ЗСДСП)

# Обврски на несовесниот држател!

Должен е да ги предадде на сопственикот на ствaрта сите плодови.

Да ја надомести вредноста на собраните плодови ...

Да ја надомести штетата настаната со влошување или пропаст на стварта...(член 158 од ЗСДСП)

# Како ќе се цени совесноста

Согласно член 179 од ЗСДСП

# Тужба на претпоствениот сопственик

Лицето кое прибавило индивидуално определена ствар врз правна основа и на законит начин, а не знаело и не можело да знае дека не станало сопственик на стварта (претпоставен сопственик), има право да бара нејзин поврат и од совесниот држател кај кога таа ствар се наоѓа без правна основа или по послаба основа.

Кога две лица се сметаат за претпоставени сопственици на иста ствар, посилна правна основа има лицето кое ствакта ја стекнало товарно во однос на лицето кое ствакта ја стекнало безтоварно. Ако правните основи на овие лица се со иста јачина, првенство има лицето кај кога се наоѓа ствакта.

Правото за поднесување на оваа тужба не застарува.

# Тужба поради вознемирување на сопственоста

Се поднесува кога во оставрувањето на правото трето лице го вознемирува сопственикот или претпоставениот сопственика на друг начин, а не со одземање.

Правото да се бара да престане таквото вознемирување не застарува.

# Тужба за заштита на правото на сосопственост, односно заедничка сопственост

Сосопственикот, односно заедничкиот сопственик, има право на тужба за заштита на сопственоста на целиот предмет.

# Деклараторна и излачна тужба

Парвото на сопственост се заштитува со тужба за утврдување на правото(деклараторна тужба).

Правото на сопственост се заштитува и со излачна тужба кои се уредуваат со посебни закони.